**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2014 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2014 година, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/17**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2014 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2014 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/20**
**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 38-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот реализација на програмата за одбележување на 38-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/18**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на триесеттата седница, одржана на20 февруари 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 38-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 38-годишнината од формирањето на општина Карпош.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалникот – Одделение за помошни работи.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/21**
**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за 2014 година**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за за работата на Советот на Општина Карпош за 2014 година, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/19**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Советот на Општина Карпош за 2014 година**

## СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Советот на Општина Карпош согласно бројот на жители во општината брои 23 членови, во следниот состав:
Членови на Советот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата:

1. Сашо Лазаровски
2. Емил Угриновски
3. Цветанка Бајрактарова-Мишевска
4. Даниела Штерјовска
5. Благоја Неделковски
6. Игорче Кузманоски
7. Тања Ристевска
8. Панче Стојановски
9. Давор Грче

Членови на Советот од советничката група на СДСМ и коалицијата:

1. Магдалена Несторовска
2. Иван Спировски
3. Гоце Гавриловски
4. Филип Даскаловски
5. Марин Алексов
6. Даница Мартиновска
7. Љиљана Симоновска
8. Владимир Кироски
9. Марјан Огњановски

Членови на Советот од советничката група на СНСМ, од 09 месец 2013 година членови на Советот од ГРОМ:

1. Зоран Поповски
2. Добрила Андоновска
3. Горан Михајлов
4. Роберт Живадиновиќ
5. Дејан Димковски

ПОСТОЈАНИ КОМИСИИ ПРИ СОВЕТОТ

**Во состав на Советот се формирани следните постојани комисии:**

1. Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања,
2. Комисија за финании и локален економски развој
3. Комисија за заштита на животната средина и природата
4. Комисија за урабнистичко планирање
5. Комисија за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)
6. Комисија за комунални работи и сообраќај
7. Комисија за култура
8. Комисија за спорт
9. Комисија за прописи
10. Комисија за негување и чување на традициите на Македонскиот народ и Македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја

**Во состав на Советот како постојана комисија е формирана и**

1. Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите

КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Комисијата за изработка на Програмата на Советот се формира еднаш во годината за тековната година, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2015 година изготви статистички приказ за работата на Советот на Општина Карпош за 2014 година.
Извештајот содржи податоци за одржаните седници на Советот на Општина Карпош, како и за видот и бројот на усвоените акти од страна на Советот.

Покрај Комисијата за еднакви можности на жените и мажите како постојана Комисија и Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2015 година, како помошно тело на Советот на Општина Карпош е формиран и Советот на млади.

Во 2014 година Советот на Општина Карпош оддржа вкупно 17 седници, од кои 16 редовни и една вонредна седница, што е за 7 седници повеќе од 2013 година, кога во месец април беше формиран Советот во овој состав.

**Табела 1**

Распоредот на седници анализирано по месеци
Службени гласници издадени по одржани седници

| | месец | Бр. седница | Датум на оддрж. | Број на гласник |
|---|---|---|---|---|
| 1 | јануари | 11 | 31.01.2014 | 1/2014 |
| 2 | февруари | 12 | 26.02.2014 | 2/2014 |
| 3 | март | 13 | 14.03.2014 | 3/2014 |
| 4 | април | 14 | 10.04.2014 | 5/2014 |
| 5 | мај | 15 | 20.05.2014 | 7/2014 |
| 6 | јуни | 16 | 20.06.2014 | 8/2014 |
| 7 | јули | 17 | 15.07.2014 | 9/2014 |
| 8 | јули | 18 | 23.07.2014 | 10/2014 |
| 9 | август | 19 | 27.08.2014 | 11/2014 |
| 10 | септември | 20 | 11.09.2014 | 12/2014 |
| 11 | октомври | 21 | 03.10.2014 | 13/2014 |
| 12 | октомври | 22 | 27.10.2014 | 14/2014 |
| 13 | ноември | 23 | 13.11.2014 | 15/2014 |
| 14 | ноември | 24 | 28.11.2014 | 16/2014 |
| 15 | декември | 25 | 10.12.2014 | 17/2014 |
| 16 | декември | 26 | 24.12.2014 | 18/2014 |
| 17 | декември | 27 | 30.12.2014 | 19/2014 |

Во 2014 година, Советот на Општина Карпош издаде вкупно 20 Службени гласници.

**Табела 2**
Издадени Службени гласници надвор од одржани седници

| | датум | Објавени прописи | Бр.гласник |
|---|---|---|---|
| 1 | 08.04.2014 | Решение за формирање на избирачки одбори – пречистен текст, донесено од Општинска изборна комисија | 4/2014 |
| 2 | 02.05.2014 | Решение за изменување и дополнување на решение за формирање на Избирачки одбори, донесено од Општинска изборна комисија | 6/2014 |
| 3 | 31.12.2014 | Хронолошки регистар на прописите и | 20/2014 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | другите акти објавени во „Службен гласник на Општина Карпош“ во 2014 година | |

**ДОНЕСЕНИ АКТИ**
**Во 2014 година Советот усвои вкупно 263 акти, од кои:**

**<u>Табела 3</u>**

| АКТИ | БРОЈ |
|---|---|
| Одлуки | 123 |
| Решенија | 41 |
| Програми | 26 |
| Заклучоци | 57 |
| Мислења | 10 |
| Правилници | 2 |
| Буџет | 1 |
| Буџетски календар | 1 |
| Статут | 1 |
| План | 1 |

**Број: 10-1723/22**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на извештајот реализација на годишната програма за работа на секторот инспекторат при Општина Карпош, за период од 1.1.2014-31.12.2014 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за работа на секторот инспекторат при Општина Карпош, за период од 1.1.2014-31.12.2014 година, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/20**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на годишната програма за работа на секторот инспекторат при Општина Карпош, за период од 1.1.2014-31.12.2014 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на годишната програма за работа на секторот инспекторат при Општина Карпош, за период од 1.1.2014-31.12.2014 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот Инспекторат.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/23**
**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“- Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/21**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 169, став 1, алинеја 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14 и 180/14), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2014).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 08-1483/24**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на физибилити студија за спортска инфраструктура во рамките на дворното место на ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на физибилити студија за спортска инфраструктура во рамките на дворнот место на ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/22**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точки 1 и 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 16 од Законот концесии и јавно-приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012 и 144/2014), Советот на Општина Карпош, на тиресеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за изработка на физибилити студија за спортска инфраструктура во рамките на дворното место на ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за започнување на постапка за изработка на физибилити студија од страна на Општина Карпош, за оправданоста од доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на спортска инфраструктура во рамките на дворното место на ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Општина Карпош, Скопје.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Карпош да формира работна група составена од стручни лица вработени во општинската администрација и по потреба надворешни стручни лица, која има за задача да ја изработи физибилити студијата од член 1 на оваа одлука, врз основа на член 16, став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12 и 144/14) и Уредбата за содржината за физибилити студија за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на доделувањето на договори за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 3**

За изработка на физибилити студијата од член 1 на оваа одлука, ќе бидат користени стручни, сопствени и компаративни искуства и за изработка на истата нема да се користат финансиски средства од буџетот на општина Карпош.

**Член 4**

Врз основа на изработената физибилити студија, како и останатите подготвителни работи предвидени во членот 16, како и останатите одредби од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Советот на Општина Карпош ќе донесе Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на спортска инфраструктура во рамките на дворното место на ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/25**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилникот за престанување на важење на Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош, бр.07-506/13 од 31.01.2012 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2012)**

1. Се објавува Правилникот за престанување на важење на Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти како услов за добивање на градежба дозвола во Општина Карпош, бр.07-506/13 од 31.01.2012 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2012), донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/23**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на тиресеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за престанување на важење на Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош, бр.07-506/13 од 31.01.2012 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.1/2012)

### Член 1
Со овој Правилник престанува да важи Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош, бр.07-506/13 од 31.01.2012 година („Службен весник бр.1/2012).

### Член 2
Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/26**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на енергетски ефикасните градби во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на енергетски ефикасните градби во Општина Карпош, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/24**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за субвенционирање на енергетски ефикасните градби во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош ќе ги субвенционира енергетски ефикасните објекти од **А+, А** и **В** класа, на начин што ќе изврши намалување за 10% од средствата предвидени како надоместок за уредување на градежно земјиште во делот на општината по основ на класата, односно дополнителни 5% доколку се користат обновливи извори на енергија.

**Член 2**

За остварување на правото од членот 1 на оваа одлука, согласно позитивните законски прописи, Инвеститорот е должен до Општина Карпош, покрај целокупната предвидена документација во постапката за добивање на одобрение за градење, по доставување на изјава од страна на инвеститорот на градбата, односно извештај од страна на надзорот на градбата, да достави барање со кое стручната комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината, ќе утврди дека објектот ги задоволува критериумите од член 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Стручната комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, изготвува стручно мислење со предлог со кој утврдува дека изведениот објект ги задоволува критериумите утврдени во член 1 на оваа одлука.

Градоначалникот на општина Карпош врз основа на стуручното милсење и предлог од Комисијата, донесува Решение за поврат на средства врз основа на субвенционирање на енергетски ефикасни градби во општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/27**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 10-1723/25**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2014), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со ова Одлука се определува финансиска поддршка на 6 (шест) спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 1 од прва категорија, во износ од 300.000,00 денари,
- 1 од втора категорија, во износ од 200.000,00 денари,
- 1 од трета категорија во износ од 120.000,00 денари
- 3 од четврта категорија, во износ од 80.000,00 денари,

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, за која што постапка по објавен оглас за нејзино доделување спроведе Комисија формирана од Советот на Општина Карпош, се исплаќа еднократно и е обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2015 година – Програма ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463 – трансфер до невладини организации, потставка 463120 – трансфер до спортски клубови.

**Член 3**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/28**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за издвојување на средства од Буџетот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија**

1. Се објавува Одлуката за издвојување на средства од Буџетот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/26**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 член 45 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издвојување на средства од Буџетот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија**

**Член 1**

Како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, во знак на солидарност и хуманост кон нашите сожители, да се издвојат средства во износ од 300.000,00 денари од Буџетот на Општина Карпош,Програма-Општинска администрација, ставка 464 –разни трансфери, подставка 464990 –други трансфери.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука, да се уплатат на сметка на фонд на солидарност број 300000001327966, во Комерцијална банка, при Црвен крст на Република Македонија ДБ 4030984271620.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 08-1483/29**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за издвојување на средства од едномесечен паушал од членовите на Советот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија**

1. Се објавува Одлуката за издвојување на средства од едомосечен паушал од членовите на Советот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/27**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1 член 45 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издвојување на средства од едномесечен паушал од членовите на Советот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија**

**Член 1**

Како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, во знак на солидарност и хуманост кон нашите сожители, да се издвојат средства во износ од вкупно 100.000,00 денари од едномесечниот паушал на членовите на Советот на Општина Карпош, за месец јануари 2015 година.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука, да се уплатат на сметка на фонд на солидарност број 300000001327966, во Комерцијална банка, при Црвен крст на Република Македонија ДБ 4030984271620.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 08-1483/30**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за давање на согласност на Статутот на Приватната установа за деца –Центар за ран детски развој „М-ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР“ во Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за давање на согласност на Статутот на Приватната установа за деца – Центар за ран детски развој „М-ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР“ во Скопје, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/28**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14 и 10/15), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –Центар за ран детски развој „М-ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР“ во Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца – Центар за ран детски развој „М-ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР“ во Скопје, донесен од основачот – Македонско Монтесори Здружение за следење, модернизација и унапредување на воспитувањето и образованието, заштита и развој на децата и младите и нивните семејства – Скопје.

2. Заклучокот да се достави до основачот - Македонско Монтесори Здружение за следење, модернизација и унапредување на воспитувањето и образованието, заштита и развој на децата и младите и нивните семејства – Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 08-1483/31**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Деловникот за работа на Советот на млади на Општина Карпош**

1. Се објавува Деловникот за работа на Советот на млади на Општина Карпош, донесен на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/29**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и членовите 38-а, 38-б, 38-в, 38-г, 38-д, 38-ѓ, 38-е од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006, 10/2013 и 15/2014, Советот на општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Советот на млади на Општина Карпош**

1. Воведни напомени

**Член 1**

Со овој Деловник детално се уредува начинот на функционирање и делување на Совет на млади на Општина Карпош и тоа:

- избор на Претседател на Советот, заменик претседател на Советот и записничар,
- правата, обврските и одговорностите на членовите на Советот,
- начинот и постапката на донесување на актите на Советот,
- свикувањето, работата и текот на седниците и
- други прашања кои се значајни за работата на Советот.

**Член 2**

Во Општина Карпош се формира Совет на млади, како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.
Младите се жители на Општина Карпош, на возраст од 15 до 30 години.

**Член 3**

Одлуката за основање на Совет на млади ја донесува Советот на Општина Карпош, врз основа на позитивните законски прописи.

**Член 4**

Членовите на Советот на млади се избираат за мандат од две години, со право на реизбор.
На предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Карпош може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- На лично барање,

- Доколку членот на Советот на млади наполни 30 години,

- Доколку членот на Советот отсуствува неоправдано од седниците на Советот на млади три пати последователно
- Ако со правосилна судска одлука е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

1. Права и должности на членовите на советот

**Член 5**

Советот на млади во Општина Карпош ги врши следниве работи:
- одговорен е за остварување на целите од Националната стратегија за млади на Република Македонија и Стратегија за млади на општината и имплементација на акцискиот план на стратегијата;
- изготвува годишна програма за работа на Советот на млади и Извшетај за реализирани активности по годишната програма за работа на Советот на млади и ги доставува до Советот на Општина Карпош на усвојување,
- расправа на седниците на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на Општина Карпош, а се од интерес на младите;
-му предлага на Советот на Општина Карпош: Одлуки, Програми и други акти од интерес на категоријата млади жители на општината;
- му предлага на Советот на Општина Карпош да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на Општината Карпош за конкретните одлуки кои треба да ги донесе, а кои ги засегаат младите;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општина Карпош;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанати проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- поттикнува соработка помеѓу организирани форми на млади кои делуваат на територија на Општина Карпош;
- поттикнува меѓуопштинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;

- по потреба повикува претставник од членовите на Советот на Општина Карпош на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

1. Правила и должности на Претседателот и заменик Претседателот на Советот

**Член 6**

Советот има Претседател, заменик Претседател и записничар.

Претседателот замeникот Претседател и записничарот на Советот се избираат од редовите на советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на млади.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

Во отсуство или било каква спреченост на Претседателот, неговите обврски ги извршува заменик Претседателот.

**Член 7**

Советот донесува одлуки и акти врз база на правата и овласувањата утврдени со Статутарната одлука за формирање на Советот.

Актите на Советот на млади се чуваат во архивата на општината.

**Член 8**

Членовите на Советот на млади и Советот на општината се овластени за спроведување на одлуките на Советот на млади.

1. Ред на седниците

**Свикување на седниците**

**Член 9**

Советот на млади работи на седници кои се јавни и се одржуваат најмалку еднаш во три месеци.

По исклучок, Советот на млади може да одлучи, со мнозинство од вкупниот број на членови на Советот, јавноста да биде исклучена од работтата на Советот на млади.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот на млади, а во негово отсуство тоа го прави заменикот Претседател.

Советот на млади може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број на членови.

Советот на млади одлучува со мнозинството од вкупниот број на присутни членови.

Претседателот на советот на млади е должен да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Советот на млади.
Советот на млади за согледаните, односно констатираните состојби, насоки, иницијативи и сугестии го информира Советот на Општината.
На седниците на Советот на млади можат да присуствуваат и учествуваат во работата, без право на одлучување: Градоначалникот на Општина Карпош, Претседателот на Советот на Општина Карпош, членовите на Советот на Општина Карпош,
На седниците на Советот на млади може да присуствува и јавноста, без право на учество и одлучување.
Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за предизвици или за проблеми кои ги засегаат младите.

**Член 10**

Седниците на Советот се свикуваат со покана по електронски пат, најмалку седум дена пред одржувањето на седницата.
При испраќање на поканата задолжително се испраќа и дневен ред за седницата.

**Дневен ред**

**Член 11**

Дневниот ред на седниците го предлага Претседателот на Советот.
Во предлог на дневиот ред се внесуваат сите предлози кои се дадени од страна на овластените предлагачи.
Дневниот ред на седниците се утврдува на почетокот на седницата.
Претседателот на седницата може да побара измена на дневниот ред или да побара некоја од точките да биде изоставена од истиот.
Измени на дневниот ред може да побара и член на Советот.
Предлогот за измена на дневниот ред треба да биде ставен на гласање. Истиот станува составен дел од дневниот ред доколку биде изгласан со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.
Доколку се предлага дополнување на дневниот ред потребно е да се обезбеди и материјал за дополнителната точка, или истата треба да биде образложена од предлагачот и внесена во записникот од седницата.

**Член 12**

При утврдувањето на дневниот ред најпрвин се одлучува за отфрлање на одредена точка, а потоа се одлучува за дополнување на дннеиот ред со нова точка
Дневниот ред се утврдува со мнозинство гласови од присутните членови на советот
Претседателот го објавува утврдениот дневен ред.

**Член 13**

Со седниците на Советот претседава Претседателот, а во негово отсуство неговиот заменик или најстариот член од присутните членови на Советот.
Член на Советот може да зборува за секоја точка поодделно само по пет минути.

**Тек на седницата**

**Член 14**

По отворањето на седницата, а пред утврдување на дневниот ред, Претседателот на Советот го утврдува бројот на присутни на седницата.
Ако Претседателот утврди дека на седницата нема кворум за работа, тој ја одложува седницата.
Седницата ќе се прекине и одложи и во случај кога за време на седницата ќе се утврди дека нема кворум за работа на Советот.

**Одлучување**

**Член 15**

Советот ги усвојува актите со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на млади.

**Член 16**

Одлуките на Советот се полноважни ако за нив гласало потребното мнозинство членови на Советот, определено со овој деловник.
Членовите на Советот гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за“ или „против“ предлогот, или се воздржуваат од гласањето.
Јавното гласање се врши со кревање на рака или со поименично усно изјаснување.
Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува членовите на Советот најнапред да се изјаснат кои се „за“ предлогот, потоа да се изјаснат кои се „против“ предлогот и на крајот да се изјаснат тие што се воздржуваат од гласањето.
Поименично гласање се врши кога претседателот смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето.

Поименично гласање се врши и кога тоа ќе го побара член на Советот.

При поименично гласање членовите на Советот, усно се изјаснуваат дали се „за“, „против“ или „воздржан“.

Прозивката ја врши Записничарот.

За спроведување на тајното гласање, се применуваат одредбите од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот јавно ги објавува резултатите од гласањето.

1. Записници

**Член 17**

За работата на седниците се води записник.

Записникот го води Записничарот.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, а особено за бројот на присутните и имињата и презимињата на оправдано отсутните членови на Советот, имињата и презимињата на членовите на Советот кои не го најавиле своето отсуство, дневниот ред што е усвоен на седницата, предлозите што се поднесени на седницата, како и прописите, заклучоците и другите акти што се донесени.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето за секоја точка одделно.

Членот на Советот кој на седницата издвоил мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговата изјава.

Записникот им се испраќа на членовите на Советот, по правило, заедно со поканата за одржување на наредната седница.

Записникот на кој не се ставени забешеки, односно записникот кој во согласност со усвоените забелешки се извршени измени, се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува Претседателот на Советот и Записничарот.

Записниците се чуваат во архивата на општината.

1. Јавност во работата

**Член 18**

Седниците на Советот се јавни.

Јавноста може да ја следи работата на Советот, но не смее да пречи во неговата работа.

За работата на Советот, јавноста се известува по пат на средствата за јавно информирање, веб-страницата на Општина Карпош.

Аудио и видео снимање на седницата не е дозволено, без дозвола на Советот.

1. Завршни одредби

**Член 19**

За сите прашања кои не се утврдени со овој Деловник, ќе се применуваат одредби од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош.

**Член 20**

Овој Деловник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 08-1483/32**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“**

1. Се објавува Одлуката за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/30**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за издавање под закуп на рекламен простор, на надземниот премин „Влајко“, во населба Влае 2, што се наоѓа на КП бр.7640, КО Ѓорче Петров 4-Влае, запишано во имотен лист бр.100797.

**Член 2**

Рекламниот простор од предметната недвижност од член 1 од оваа одлука, се простира долж надвозникот, со вкупен број од (четири) поставени паноа со димензии од 8х3 метри од југ кон север, а изложени од западната и источната страна на надвозникот и 1 (едно) електронско пано во средина на надвозникот, изложено од западната страна, со димензии 5х3 метри.

**Член 3**

Рекламниот простор од член 1 од оваа одлука, се издава под закуп по пат на јавен оглас со прибирање на писмени понуди.
За најповолен понудувач ќе биде избран понудувачот кој покрај предвидените услови во огласот, понудил и највисока цена за закуп на рекламниот простор.
Огласот го распишува и објавува Градоначалникот на општина Карпош во најмалку два дневни весника.

**Член 4**

Огласот за прибирање на писмени понуди за издавање под закуп на рекламниот простор, особено содржи:

- Субјект кој го распишува огласот,
- Назначување на локацијата и димензиите на рекламниот простор,
- Период за кој се издава под закуп рекламниот простор, во траење од 5 (пет) години
- Минимален износ за закуп на рекламниот простор, кој не може да изнесува помалку од 250.000,00 денари, за времетраење од 1 (една)година,
- Содржина и прилози на понудите
- Рок за поднесување на писмените понуди, кој не може да биде пократок од 10 (десет) дена, ниту подолг од 15 дена од денот на објавувањето на огласот и

- Депозит во висина од 20% од минималниот износ за закуп на рекламниот простор

**Член 5**

Постапката за отварање на понудите ја врши Комисија што ја формира Градоначалникот.
Комисијата од ставот 1 од овој член, се состои од претседател и два члена.

**Член 6**

За својата работа, Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач, кој во рок од 5 (пет) дена од денот на спроведувањето на постапката го доставува до Градоначалникот на општина Карпош.
Градоначалникот во рок од 5 (пет) дена од денот на доставување на предлогот, ќе донесе одлука за избор на најповолен понудувач.

**Член 7**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува договор за условите и начинот на користење и одржување на рекламниот простор.
Најповолниот понудувач има обврска да плаќа годишен надоместок за поставување на рекламен простор, согласно со склучениот договор.

**Член 8**

За поставување на рекламниот простор, Градоначалникот на Општина Карпош издава одобрение во согласност со закон.
Трошоците во врска со одобрението од ставот 1 на овој член, паѓаат целосно на товар на најповолниот понудувач.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/33**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување на адаптација и реконструкција на објект во сопственост на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на адаптација и реконструкција на објект во сопственост на Општина Карпош, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/31**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на адаптација и реконструкција на објект во сопственост на Општина Карпош**

**Член 1**

Општина Карпош и одбрува на Приватната Градинка Пиколини Скопје, која е избрана за најповолен понудувач врз основа на оглас бр. 1/2015 за давање под закуп објект во сопственост на Општина Карпош, запишан во имотен лист бр. 46996, КП бр. 770, КО Карпош, објект бр. 1, со вкупна површина од 695 $м^2$, на своја сметка да изврши занаетчиско-градежни работи за адаптација и реконструкција на предметниот објект во објект кој ги задоволува пропишаните критериуми за енергетска ефикасност, со намена за вршење на дејност на детска градинка.

Адаптираниот и реконструиран објект од претходниот став на овој член, останува во сопственост на Општина Карпош со целата новосоздадена материјална вредност.

**Член 2**

Имајќи ги предвид одредбите од претходниот член на оваа Одлука, како и времето потребно за завршување на работите, закупецот ќе отпочне со плаќање на постигнатата цена за закупнината во рок од 6 месеци од денот на склучување на Договорот за закуп, согласно условите утврдени во огласот бр. 1/2015 и одредбите од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош -Скопје“.

**Број: 08-1483/34**
**Датум:20.02.2015**
**Скопје**

ПРЕТЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отпис на основни средства по извршениот попис за 2014 година**

1. Се објавува Одлуката за отпис на основни средства по извршениот попис за 2014 година, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/32**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 34 и 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за отпис на основни средства по извршениот попис за 2014 година**

**Член 1**

Се врши отпис на основни средства по извршениот попис за 2014 година како следи:

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **шиф.** | **НАЗИВ** | **Година** | **Количина** | **НАБ.ВРЕДН.** | **ИСПРАВКА** |
| 1 | **2010** | Косилка ФС-85 | 2000 | 1 | **56,488,477** | **52,063,131** |
| 2 | **2086** | Плава тример Ф-85 | 2000 | 1 | **2,490,716** | **1,743,492** |
| 3 | **2087** | Плава тример Ф-86 | 2000 | 1 | **2,490,716** | **1,743,492** |
| 4 | **2089** | Вап мотор | 2000 | 1 | **224,103,295** | **224,103,295** |
| 5 | **2090** | Косилка Алхамбра | 2000 | 1 | **50,409,854** | **50,409,854** |
| 6 | **2091** | Косилка Алхамбра | 2000 | 1 | **122,045,695** | **122,045,695** |
| 7 | **2092** | Косилка Алхамбра | 2000 | 1 | **122,045,695** | **122,045,965** |
| 8 | **2093** | Косилка Алхамбра | 2000 | 1 | **31,694,520** | **29,211,273** |
| 9 | **358** | Телефон Централа | 2000 | 1 | **192,079,999** | **192,079,999** |
| 10 | **271** | Полуфотеља | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 11 | **880** | Полуфотеља | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 12 | **770** | Плакар метален | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 13 | **182** | Свич сервер | 2000 | 1 | **211,559,987** | **211,559,987** |
| 14 | **698** | Телефон Панасоник | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 15 | **699** | Калкулатор | 2000 | 1 | **7,061,215** | **7,061,215** |
| 16 | **4994** | Камера - надвор | 2009 | 1 | **55,154,691** | **54,237,436** |
| 17 | **5113** | Систем евиденција | 2009 | 1 | **16,872,418** | **14,060,349** |
| 18 | **737** | Ормар | 2000 | 1 | **29,374,407** | **29,374,407** |
| 19 | **746** | Бојлер | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 20 | **749** | Ормар Отворен | 2000 | 1 | **1,246** | **1,246** |
| 21 | **5068** | Мемори карт. | 2009 | 1 | **5,446,701** | **4,538,902** |
| 22 | **5067** | Мемори карт. | 2009 | 1 | **5,446,701** | **4,538,902** |
| | | | | | | |
| 23 | **5065** | Мемори карт. | 2009 | 1 | **5,446,701** | **4,538,902** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | 247 | Телефонска централа | 2000 | 1 | 1,246 | 1,074 |
| 25 | 3132 | Телефон | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| | | | | ВКУПНО | 1,140,221,756 | 1,125,366,092 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |
| 1 | 3508 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 2 | 3509 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 3 | 3510 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 4 | 3511 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 5 | 3512 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 6 | 3513 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 7 | 3514 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 8 | 3515 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 9 | 3516 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 10 | 3519 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 11 | 3520 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 12 | 455 | Полуфотеља | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 13 | 592 | Монитор | 2000 | 1 | 65,450,118 | 65,450,118 |
| 14 | 3521 | Машина за пишување | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 15 | 5409 | Лого Општина Карпош | 2009 | 1 | 868,624,122 | 469,057,023 |
| 16 | 5007 | Мото Јакна | 2009 | 1 | 8,964,132 | 4,661,346 |
| 17 | 5008 | Мото Јакна | 2009 | 1 | 8,964,132 | 4,661,346 |
| 18 | 5009 | Мото Јакна | 2009 | 1 | 8,964,132 | 4,661,346 |
| 19 | 5010 | Мото Јакна | 2009 | 1 | 8,964,132 | 4,661,346 |
| 20 | 5011 | Кацига | 2009 | 1 | 6,759,837 | 3,515,106 |
| 21 | 5012 | Кацига | 2009 | 1 | 6,759,837 | 3,515,106 |
| 22 | 5013 | Кацига | 2009 | 1 | 6,799,837 | 3,515,106 |
| 23 | 6028 | Мобилен Нокиа | 2012 | 1 | 8,999,000 | 1,364,844 |
| 24 | 2007 | Косилка снигурач | 2000 | 1 | 31,694,520 | 29,211,273 |
| 25 | 2008 | Косилка снигурач | 2000 | 1 | 56,488,477 | 52,063,131 |
| 26 | 2009 | Косилка викини | 2000 | 1 | 56,489,099 | 52,063,669 |
| | | | | | 1,143,937,573 | 698,416,958 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5679 | Компјутер Самсунг | 2011 | 1 | 41,024,749 | 28,247,357 |
| 2 | 1586 | Компјутер Кварт | 2008 | 1 | 35,771,842 | 35,771,842 |
| 3 | 1544 | Компјутер ХП | 2009 | 1 | 35,773,008 | 35,773,008 |
| 4 | 1503 | Компјутер Кварт | 2008 | 1 | 35,773,088 | 35,773,088 |
| 5 | 688 | Компјутер АМД | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 6 | 1566 | Компјутер АМД | 2008 | 1 | 71,385,524 | 71,385,524 |
| 7 | 5455 | Принтер Самсунг | 2009 | 1 | 3,787,819 | 3,156,516 |
| 8 | 5459 | Принтер Самсунг | 2009 | 1 | 3,797,819 | 3,156,516 |
| 9 | 1546 | Факс Самсунг | 2008 | 1 | 6,351,358 | 4,594,149 |
| 10 | 1504 | Печатар Канон | 2008 | 1 | 5,987,711 | 5,987,711 |
| 11 | 1002 | Принтер ХП | 2009 | 1 | 20,187,229 | 18,504,963 |
| 12 | 1006 | Принтер Офидцет | 2009 | 1 | 21,837,462 | 20,017,672 |
| 13 | 1565 | Скенер ХП | 2008 | 1 | 30,258,615 | 30,258,615 |
| 14 | 1588 | Монитор Компакт | 2008 | 1 | 13,276,828 | 13,276,828 |
| 15 | 639 | Монитор Привив | 2000 | 1 | 20,536,056 | 20,536,056 |
| 16 | 592 | Монитор Виевсоник | 2000 | 1 | 65,450,118 | 60,450,118 |
| 17 | 382 | Монитор ЕИЗО | 2000 | 1 | 68,392,913 | 68,392,913 |
| 18 | 1568 | Монитор ХП 7750 | 2008 | 1 | 154,980,598 | 154,980,598 |
| 19 | 2077 | Мобилен Самсунг | 2008 | 1 | 26,140,195 | 18,603,095 |
| 20 | 3482 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 21 | 3483 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 22 | 3484 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 23 | 3485 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 24 | 3486 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 25 | 3487 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 26 | 3501 | Витрина | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 27 | 3507 | Столица | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| | | | | | 660,724,146 | 628,877,783 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |
| 1 | 5079 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,930 |
| 2 | 1998 | Мобилен Нокиа 6300 | 2009 | 1 | 3,723,639 | 2,345,897 |
| 3 | 4022 | Апарат камера 3100 | 2001 | 1 | 16,068,230 | 8,837,521 |
| 4 | 846 | Маса Дрвена | 2000 | 1 | 14,420,072 | 12,833,333 |
| 5 | 5085 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 4,969,003 | 3,072,516 |
| 6 | 5105 | Мобилен Самсунг | 2010 | 1 | 1,232,910 | 762,358 |
| 7 | 5092 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 7,459,731 | 4,612,589 |
| 8 | 2050 | Лап Топ | 2008 | 1 | 50,148,327 | 50,148,327 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 2045 | Лап Топ Ацер | 2008 | 1 | 32,379,470 | 32,379,470 |
| 10 | 2047 | Лап Топ Ацер | 2008 | 1 | 32,379,470 | 32,379,470 |
| 11 | 4518 | Лап Топ Ацер | 2010 | 1 | 50,071,814 | 34,215,728 |
| 12 | 4526 | Мобилен Сони | 2010 | 1 | 22,239,178 | 10,378,283 |
| 13 | 5086 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 4,969,003 | 3,072,516 |
| 14 | 4569 | Бојлер | 2009 | 1 | 4,469,612 | 2,145,408 |
| 15 | 455 | Полуфотеља | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 16 | 456 | Скутер 150 | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 17 | 6000 | Скала | 2011 | 1 | 57,948,709 | 32,837,607 |
| 18 | 4007 | Рез.Глава | 2008 | 1 | 5,143,355 | 3,086,012 |
| 19 | 2086 | Рез.Глава | 2000 | 1 | 2,490,716 | 1,743,492 |
| 20 | 2087 | Косилица | 2000 | 1 | 2,490,716 | 1,743,492 |
| 21 | 4006 | Косилица | 2000 | 1 | 83,601,302 | 83,601,302 |
| 22 | 1995 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 3,723,639 | 2,345,897 |
| 23 | 6028 | Мобилен Нокиа | 2012 | 1 | 8,999,000 | 1,364,844 |
| 24 | 5087 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 4,969,003 | 3,072,516 |
| 25 | 5088 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 4,969,003 | 3,072,516 |
| 26 | 5089 | Мобилен Нокиа | 2009 | | 4,969,003 | 3,072,516 |
| | | | | ВКУПНО | 424,424,150 | 333,469,032 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |
| 1 | 4518 | Лап топ | 2010 | 1 | 50,071,814 | 34,215,728 |
| 2 | 5077 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 3 | 5069 | Мемориска Картица | 2009 | 1 | 5,446,701 | 4,538,902 |
| 4 | 1007 | Апарат | 2009 | 1 | 13,078,815 | 11,988,893 |
| 5 | 5076 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 6 | 2076 | Лап топ | 2008 | 1 | 44,871,719 | 44,871,719 |
| 7 | 2078 | Лап топ | 2009 | 1 | 80,667,223 | 72,600,519 |
| 8 | 1010 | Апарат Сони | 2009 | 1 | 13,078,815 | 11,770,915 |
| 9 | 5083 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 4,969,003 | 3,072,516 |
| 10 | 2041 | Лап топ Ацер | 2008 | 1 | 32,379,470 | 32,379,470 |
| 11 | 1992 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 3,723,639 | 2,345,897 |
| 12 | 5067 | Мемориска Картица Футрола | 2009 | 1 | 5,446,701 | 4,538,902 |
| 13 | 5075 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 14 | 5052 | Мобилен Сони | 2009 | 1 | 1,246 | 750 |
| 15 | 5056 | Мобилен Сони | 2009 | 1 | 2,478,274 | 1,474,577 |
| 16 | 5072 | Мемориска Картица | 2009 | 1 | 5,446,701 | 4,538,902 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Футрола | | | | |
| 17 | 2046 | Лап топ | 2008 | 1 | 32,379,470 | 32,379,470 |
| 18 | 5066 | Мемориска Картица Футрола | 2009 | 1 | 5,446,701 | 4,538,902 |
| 19 | 5073 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 20 | 5080 | Мобилен Самсунг | 2009 | 1 | 1,304 | 746 |
| 21 | 5074 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 22 | 328 | Фотоапарат Олимпик | 2000 | 1 | 31,517,678 | 31,517,678 |
| 23 | 5078 | Мобилен Нокиа | 2009 | 1 | 586,753 | 342,293 |
| 24 | 5081 | Мобилен Самсунг | 2009 | 1 | 1,304 | 746 |
| 25 | 1008 | Ороектор Епсон | 2009 | 1 | 59,222,051 | 54,286,889 |
| | | | | ВКУПНО | 393,749,147 | 353,115,879 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |
| 1 | 3160 | Термо печка | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 2 | 320 | Телефон | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 3 | 323 | Телефон | 2000 | 1 | 1,246 | 1,246 |
| 4 | 6975 | Клупа | 2011 | 1 | 77,411,064 | 1,799,255 |
| 5 | 6976 | Клупа | 2011 | 1 | 7,711,064 | 1,799,255 |
| 6 | 6979 | Плакар | 2011 | 1 | 11,628,782 | 2,713,382 |
| 7 | 6980 | Плакар | 2011 | 1 | 11,628,782 | 2,713,382 |
| 8 | 6981 | Плакар | 2011 | 1 | 11,628,782 | 2,713,382 |
| 9 | 6982 | Плакар | 2011 | 1 | 11,628,782 | 2,713,382 |
| | | | | ВКУПНО | 131,640,994 | 14,455,776 |

| ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | шиф. | НАЗИВ | Година | Количина | НАБ.ВРЕДН. | ИСПРАВКА |
| 1 | 1013 | Греалка Термор | 2014 | 1 | 14,160,000 | |
| 2 | 1014 | Греалка Термор | 2014 | 1 | 14,160,000 | |
| 3 | 1195 | Телефон Алкател | 2014 | 1 | 1,386,600 | |
| 4 | 1196 | Телефон Алкател | 2014 | 1 | 1,386,600 | |
| 5 | 1197 | Телефон Алкател | 2014 | 1 | 1,386,600 | |
| 6 | 1198 | Телефон Алкател | 2014 | 1 | 1,386,600 | |
| 7 | 1199 | Телефон Алкател | 2014 | 1 | 1,386,600 | |
| 8 | 1400 | Калорифер МАКС | 2014 | 1 | 901,600 | |
| 9 | 1401 | Калорифер МАКС | 2014 | 1 | 901,600 | |
| 10 | 1402 | Калорифер МАКС | 2014 | 1 | 901,600 | |
| 11 | 1403 | Калорифер МАКС | 2014 | 1 | 901,600 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | **1404** | Калорифер МАКС | 2014 | 1 | **901,600** | |
| 13 | **1405** | Калорифер 2000б | 2014 | 1 | **750,000** | |
| 14 | **1406** | Калорифер 2000б | 2014 | 1 | **750,000** | |
| 15 | **1407** | Калорифер 2000б | 2014 | 1 | **750,000** | |
| 16 | **1408** | Бојлер 10лит. Лев | 2014 | 1 | **2,850,000** | |
| | ВКУПНО | | | | 44,861,000 | 0 |

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ги евидентира разликите и да изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-1483/35**
**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2014 до 31.12.2014 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2014 до 31.12.2014 година, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-1723/33**
**Датум: 23.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 20 февруари 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од од 01.01.2014 година или од 01.10.2014 година до 31.12.2014 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2014 до 31.12.2014 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за финански прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-1483/36**
**Датум: 20.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

## СОДРЖИНА

1. Одлука за изменување и дополнување на урбанистички план вон населено место – „Ски Водно“- Блок 3, со Решение за објава,
2. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул.Илинден, ул.Франклин Рузвелт, бул.Партизански одреди и бул.8ми Септември), Општина Карпош-Скопје, со Решение за објава,
3. Одлука за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје, со Решение за објава,
4. Одлука за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор, со Решение за објава,
5. Заклучок за усвојување на извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош за 2014 година, со Решение за објава,
6. Закулучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година, со Решение за објава,
7. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за активностите на општина Карпош во обласа на заштитата на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2014 година, со Решение за објава,
8. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Карпош во обласа на развојот на општината за 2014 година, со Решение за објава,
9. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Карпош во обласа на уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2014 година, со Решение за објава,
10. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на културата за 2014 година, со Решение за објава,
11. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на спортот за 2014 година, со Решение за објава,
12. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на детска, социјална и здравствена заштита за 2014 година, со Решение за објава,
13. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на образованието за 2014 година, со Решение за објава,
14. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на општина Карпош во обласа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2014 година, со Решение за објава,
15. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на информатичката технологија за 2014 година, со Решение за објава,
16. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на месната самоуправа за 2014 година, со Решение за објава,
17. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во обласа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2014 година, со Решение за објава,

18. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на одбележувањето на 38 годишнината на општина Карпош, со Решение за објава,
19. Извештај за работа на Советот на Општина Карпош за 2014 година, со Решение за објава,
20. Заклучок за усвојување на извештај за реализација на годишната програма за работа на секторот инспекторат при Општина Карпош, за период од 01.01.2014-31.12.2014 година, со Решение за објава,
21. Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Општина Карпош, со Решение за објава,
22. Одлука за отпочнување на постапка за изработка на студија за изградба, управување и оддржување на спортска инфраструкура во рамките на ООУ „Димо Хаџи Димов“- Општина Карпош, со Решение за објава,
23. Правилник за престанување на важење на Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти како услов за добивање на градежна дозвола во Општина Карпош, бр.07-506/13 од 31.01.2012 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.1/2012), со Решение за објава,
24. Одлука за субвенционирање на енергетски ефикасните градби во Општина Карпош, со Решение за објава,
25. Одлука за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, со Решение за објава,
26. Одлука за издвојување на средства од Буџетот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, со Решение за објава,
27. Одлука за издвојување на средства од едномесечен паушал на членовите на Советот на Општина Карпош, како помош за поплавените подрачја во Република Македонија, со Решение за објава,
28. Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-центар за ран детски развој „М-едукативен центар“, со Решение за објава,
29. Деловникот за работа на Советот на млади на општина Карпош, со Решение за објава,
30. Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“, со Решение за објава,
31. Одлука за одобрување на адаптација и реконструкција на објект во сопственост на Општина Карпош, со Решение за објава,
32. Одлука за отпис на основни средства по извршениот попис за 2014 година, со Решение за објава и
33. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од од 01.01.2014 година или од 01.10.2014 година до 31.12.2014 година, со Решение за објава.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци